РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2018 година

## СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 6

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ... 9

Увоз ... 10

Салдо на трговска размена ... 11

Валутна структура ... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 12

Приходи по буџетски корисници ... 13

Буџетски расходи според економската класификација ... 14

Расходи по буџетски корисници ... 15

Буџетско салдо ... 18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 18

Плати ... 19

Пензии ... 19

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 20

Депозитен потенцијал ... 21

Кредити на банките ... 22

Каматни стапки на депозитни банки ... 22

Пазар на капитал ... 22

Девизни резерви ... 23

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2018 година

- Индустриското производство во февруари 2018 година во споредба со февруари 2017 година забележа раст од 3,1%;

- Потрошувачките цени во февруари 2018 година се зголемија за 1,9% во однос на февруари претходната година, по годишниот раст од 1,1% во јануари 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-февруари 2018 година изнесува 1,5%;

- Во периодот јануари – февруари 2018 година извозот забележа раст од 23,6%, а увозот од 16,8%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 1,7%, споредено со истиот период од 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2018 година изнесуваа 27.388 милиони денари, односно 4,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,8% во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2018 година изнесуваа 30.689 милиони денари, односно 4,6% од БДП, што е за 3,8% повеќе во однос на истиот период лани;

- Вкупните кредити на банките во февруари 2018 година се зголемија за 6,8% во споредба со февруари 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,0%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во февруари 2018 година индустриското производство забележа раст од 3,1% во споредба со февруари 2017 година. Растот во целост се должи на зголемување на производството во секторот Преработувачка индустрија од 5,4% и вкупен придонес во растот од 4,4 п.п., но делумно е неутрализиран од падот во секторот Рударство и вадење камен од 12,2% со негативен придонес од 1,0 п.п. и секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 5,9% и придонес во падот од 0,6 п.п..




Податоците од анализата по гранки укажуваат дека раст е забележан кај 12 од вкупно 27 гранки кои учествуваат со 42,6% во структурата на индустриското производство. Двоцифрен раст е забележан кај 9 гранки кои придонесуваат со 8,7 п.п. во вкупното производство, но овој ефект е делумно неутрализиран со двоцифрениот пад кај 8 гранки со придонес од -3,4 п.п.. Висок раст и натаму бележи производството на високотехнолошки производи, како што се електричната опрема, машините, уредите и моторните возила. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата, производството на машини и уреди порасна за 13,4% (придонес од 1,7 п.п.), а производството на прехранбени производи опадна за 1,1% (придонес од -0,1 п.п.).




Кај поделбата на производството по наменски групи, раст бележи производството во групите Капитални производи од 19,3% (придонес од 4,1 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка од 76,0% (придонес од 1,9 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,3% (придонес од 0,4 п.п.) како група со најголемо учество во структурата. Намалување на производството е забележано кај групите Интермедијарни производи, освен енергија од 8,5% (придонес од -2,5 п.п.) и Енергија од 8,8% (придонес од -1,1 п.п.).

Согласно кумулативните податоци за движењето на индустриското производство во првите два месеца од 2018 година, индустриското производство бележи раст од 5,6%, што во целост се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 10,6% и придонес од 8,6 п.п., но истиот е ублажен со падот во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 18,0% и негативен придонес од 1,9 п.п., како и Рударство и вадење камен од 6,6% и негативен придонес од 0,5 п.п.







Секторската анализа укажува на раст кај 15 од вкупно 27 гранки кои сочинуваат 59,2% во структурата на индустриското производство, што укажува на тоа дека гранките со раст на производството во просек имаат и поголемо учество од оние кај кои е забележан пад. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата, производството на машини и уреди неспомнати на друго место порасна за 22,9% (придонес од 3,0 п.п.), додека производството на прехранбени производи порасна за 2,8% (придонес од 0,3 п.п.).

Анализирано по наменски групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 22,5% (придонес од 4,8 п.п.), а зголемување на производството е забележани и во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 67,0% (придонес од 1,7 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,2% (придонес од 1,1 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,0% (придонес од 0,6 п.п.). Намалување на производството е забележано кај групата Енергија од 18,0% (придонес од -2,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во февруари 2018 година забележа раст од 6,3%. Растот главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 7,1%, но и на зголемувањето во секторот Рударство и вадење камен од 0,8%, додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,6%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 19,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 12,5% и Нетрајни производи

за широка потрошувачка од 1,2%. Пад е забележан во групите Енергија од 0,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,3%.




На кумулативна основа, во периодот јануари - февруари 2018 година е забележан раст на бројот на работници во индустријата од 6,1%, како последица на растот во секторот Преработувачка индустрија од 6,9% и Рударство и вадење камен од 0,5%, додека намалување на бројот на работници од 0,7% е забележано во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација.

Во првите два месеца од 2018 година, зголемен број работници е забележан кај наменските групи: Капитални производи од 18,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 12,8%, Трајни производи за широка потрошувачка од 1,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,8%. Пад на бројот на работници е забележан единствено во групата Енергија од 1,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во февруари 2018 година е поповолна во однос на јануари 2018 година, како и во однос на февруари 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во февруари изнесува 66,9%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 66,5%. Споредено со истиот месец од 2017 година, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,8 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во февруари 2018 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 21,4%, недоволната странска побарувачка со 19,0%, недоволната домашна побарувачка со 18,4%, неизвесното економско окружување со 10,4%, финансиските проблеми со 9,6% и конкурентниот увоз со 6,6%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во февруари 2018 година споредено со јануари 2018 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2018 година издадени се вкупно 177 одобренија за градење, што претставува пад од 51,2% во однос на февруари 2017 година. Во споредба со претходниот месец, кога биле издадени 189 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 6,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2018 година на годишна основа бележи пад од 63,6%. Споредено со јануари 2018 година, вредноста на објектите се намали за 3,8%.



Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 119 (или 67,2%) се наменети за објекти од високоградба, 22 (или 12,4%) за објекти од нискоградба и 36 (или 20,4%) за објекти за реконструкција.



Графикон 1.6. Број на издадени одобренија за градење по региони, во февруари 2018 година; Извор: ДЗС

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 177 издадени одобренија за градба, на 123 објекти (или 69,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 54 објекти (или 30,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Во февруари 2018 година предвидена е изградба на 610 станови, со вкупна корисна површина од 46.493 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа бележи раст од 161,8%, а во однос на истиот месец од 2017 година е намален за 13,5%.



Графикон 1.7. Стапка на инфлација; Извор: ДЗС

## Инфлација

Потрошувачките цени во февруари годинава се зголемија за 1,9% во однос на февруари 2017 година, по годишниот раст од 1,1% во јануари 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - февруари 2018 година изнесува 1,5%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во февруари забележа годишен раст на цените од 2,2%, при што највисок раст имаа цените на овошјето (за 20,1%) и на зеленчукот (за 7,5%).

Највисок годишен раст на цените во февруари 2018 година е забележан во категоријата Транспорт од 9,7% следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,9%, Рекреација и култура од 2,2%, Ресторани и хотели од 1,5% и Комуникации од 0,3%.

Годишен пад на цените во февруари 2018 година е регистриран во категориите: Облека и обувки од 2,0%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,4%, Останати стоки и услуги од 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%. Цените во категориите Образование и Здравје останаа непроменети.

Графикон 1.8. Придонеси кон годишната стапка на инфлација (во п.п.); Извор: Пресметки на МФ врз основа на податоци од ДЗС




Потрошувачките цени во февруари 2018 година се зголемија за 0,2% во однос на претходниот месец. Притоа, зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Здравје и Транспорт од по 0,4%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,2% и Рекреација и култура од 0,1%.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите Облека и обувки и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,2%.

Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Комуникации, Образование, Ресторани и хотели и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Цените на мало во февруари 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 3,5%, а на месечна основа се зголемени за 0,1%. Цените на мало во периодот јануари - февруари 2018 година се повисоки за 2,9%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во февруари 2018 година во однос на јануари 2018 година бележи пад од 5,2% и изнесува 65,4 долари за барел. На годишна основа, цената на нафтата се зголеми за 17,9%. Цената на природниот гас во февруари 2018 година, споредено со претходниот месец се намали за 16,3%.

Графикон 1.9. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во февруари 2018 година се тргуваше со просечна цена од 13.596 долари за еден метрички тон ($/мт) и бележи месечен раст на цената од 5,7%. Во однос на истиот месец од 2017 година, цената на никелот се зголеми за 27,7%. Покрај никелот, раст на цената на месечно ниво во февруари забележаа и калајот, од 4,6% и цинкот од 2,7%. Цените на останатите основни метали во февруари се намалија на месечна основа. Така, цената на алуминиумот се намали за 1,3%, на бакарот за 0,8% и на оловото за 0,1%.

Графикон 1.10. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка




Во однос на благородните метали, цената на среброто и на платината во февруари 2018 година споредено со јануари 2018 година се намали за 3,2% и 0,3%, соодветно, додека пак цената на златото остана речиси непроменета.

Цената на пченицата на светските берзи во февруари 2018 година се зголеми за 6,9% на месечно ниво, а на пченката за 4,8%. Цената на јагнешкото месо во февруари споредено со претходниот месец се зголеми за 7,4%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите два месеца од 2018 година изнесува 2.016,6 милиони евра, што претставува раст од 19,7% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1 Надворешна трговија во периодот јануари - февруари 2017 и 2018 год; Извор: ДЗС




Во периодот јануари – февруари 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 73,7%, што претставува зголемување од 3,4 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - февруари 2018 година вредноста на извезените стоки изнесува 880,4 милиони евра и бележи раст од 23,6% (167,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 24,4%.

Вредноста на извезените стоки во февруари 2018 година изнесува 457,9 милиони евра и бележи раст од 19,3% (74,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 3,6%.

Анализирано на месечно ниво, извозот во февруари 2018 година бележи раст од 8,4% (35,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 0,5%.

Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во периодот јануари - февруари 2018 година; Извор: ДЗС




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – февруари 2018 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,3% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – февруари 2018 година споредено со истиот период од 2017 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 26,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 17,2%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 86,1% и 9,0% соодветно.



Графикон 2.3 Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во периодот I-II-2018 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – февруари 2018 година изнесува 1.136,2 милиона евра и бележи раст од 16,8% (163,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 3,4%.

Вредноста на увозот во февруари 2018 година изнесува 574,5 милиони евра, што претставува раст од 10,1% (52,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а увезените количини стоки се намалени за 9,4%.



Графикон 2.4 Учество на стоките по економска намена во вкупниот увоз на Република Македонија во периодот I-II-2018 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ

Анализирано на месечно ниво, увозот во февруари 2018 година бележи раст од 2,3% (12,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 5,8%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2017 | I - II - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 14,4 | 20,8 | 6,3 | 44,0 |
| Мил. ЕУР | 7,2 | 8,3 | 1,1 | 15,2 |
| Мил.$ | 7,6 | 10,1 | 2,5 | 32,8 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2017 | I - II - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 135,9 | 129,4 | -6,5 | -4,8 |
| Мил. ЕУР | 61,5 | 64,8 | 3,2 | 5,3 |
| Мил.$ | 65,3 | 79,3 | 14,0 | 21,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2017 | I - II - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,2 | 3,1 | -0,1 | -3,8 |
| Мил. ЕУР | 159,6 | 208,1 | 48,4 | 30,3 |
| Мил.$ | 169,6 | 255,7 | 86,0 | 50,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2017 | I - II - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,9 | 4,0 | 0,1 | 2,7 |
| Мил. ЕУР | 27,8 | 29,7 | 1,9 | 7,0 |
| Мил.$ | 29,5 | 36,5 | 7,0 | 23,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2017 | I - II - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 100,1 | 123,1 | 23,0 | 23,0 |
| Мил. ЕУР | 66,7 | 72,3 | 5,6 | 8,4 |
| Мил.$ | 70,8 | 89,0 | 18,2 | 25,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2017 | I - II - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 81,4 | 158,0 | 76,6 | 94,1 |
| Мил. ЕУР | 39,5 | 84,4 | 44,9 | 113,8 |
| Мил.$ | 41,9 | 103,8 | 61,9 | 147,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите два месеца од 2018 година, трговскиот дефицит се намали за 1,7% односно 4,5 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Графикон 2.5 Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС




Во февруари 2018 година трговскиот дефицит се намали за 15,7% односно 21,6 милиони евра споредено со февруари 2017 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на дефицитот придонесе проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема, храна и пијалаци и горива и мазива, како и стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – февруари 2018 година, 95,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Србија, Турција, Италија, Јужна Африка, Полска, Романија, САД и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Хрватска и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 88,1% од трговската размена во периодот јануари – февруари 2018 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2017 година претставува зголемување од 2,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,3% и 83,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 2,0 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 2,4 п.п. во однос на периодот јануари – февруари 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - II - 2017 | | | | | I - II - 2018 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 518,7 | 787.327.167 | 61,5550 | 48.463.923.789 | 80,9 | 649,5 | 946.357.202 | 61,5733 | 58.270.335.905 | 83,3 | 159.030.035 | 20,2 |
| УСД | 282,9 | 189.258.556 | 57,9216 | 10.962.158.371 | 18,3 | 124,8 | 219.434.200 | 50,1896 | 11.013.314.716 | 15,7 | 30.175.644 | 15,9 |
| ГБП | 0,8 | 3.041.363 | 71,7983 | 218.364.661 | 0,4 | 1,0 | 4.916.027 | 69,6766 | 342.532.034 | 0,5 | 1.874.664 | 61,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 802,4 | | | 59.644.446.821 | 99,2 | 775,2 | | | 69.626.182.655 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 804,4 | | | 59.882.994.113 | 100,0 | 777,4 | | | 69.967.633.999 | 100,0 | | 16,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во првите два месеца од 2018 година изнесуваа 27.388 милиони денари, односно 4,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,8% во однос на истиот период од 2017 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 15.834 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 6,9%.

Графикон 3.1.Одделни категории приходи (во милиони денари);

Извор: МФ




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 7.578 милиони денари, што претставува намалување за 3,9% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 47,9%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 11.509 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 3.931 милион денари (бруто наплатата е повисока за 9,6%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 50,5% споредено со истиот период во 2017 година, што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 21,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 6,7%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 36,8%.

Акцизите се остварени во износ од 3.521 милион денари (учество од 22,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 32,5%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 11.099 милиони денари, што

претставува 70,1% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - февруари 2018 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 2.251 милион денари и забележаа раст од 4,6% на годишна основа, при што 2/3, односно 68,4% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 6,7% од приходи по основ на договор на дело, 6,5% од приходи од капитал, 5,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 4,7% од приходи од имот и имотни права и 2,8% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој двомесечен период од 2018 година изнесуваа 1.514 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 18,7% во однос на истиот период од претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 18,2%). Зголемување бележат и доплатите по даночни биланси од 41,8% и на задржаниот данок за странски правни лица од 15,9%, додека данокот по основ на дивиденда и други распределби бележи намалување од 58,8%.

Приходите од царина беа остварени во износ од 887 милиони денари и забележаа зголемување од 17,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 83 милиони денари забележаа поголемо остварување за 3,8% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 8.339 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,6% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,3%, кај придонесите за вработување за 6,3% и кај придонесите за здравствено осигурување за 6,3%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 2.206 милиони денари и во однос на истиот период од 2017 година забележаа помало остварување од 12,3% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 184 милиони денари, што е повеќе од двојно во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 617 милиони денари, односно за 51,6% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари - февруари 2018 година тие изнесуваат 44,6 милијарди денари, односно 95,4% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 28,1% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат средствата по основ на задолжување во странство, кои претставуваат 53,7% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата во овие два месеца изнесуваше 75,5% од годишниот план. Даночните приходи во овие два месеца од 2018 година изнесуваат 15,6 милијарди денари, што претставува 35,0% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии - функции на државата за периодот I-II 2018 година (во %); Извор: МФ




Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука, кое оствари приходи во износ од 735,9 милиони денари, што претставува 1,6% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, а претставуваат главно неданочни приходи (86,2% од вкупните приходи).

Министерството за здравство оствари приходи во износ од 413,4 милиони денари, односно 0,9% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, додека 74,1% од тој износ претставуваат приливи на средства стекнати по основ на задолжување во странство.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 2,1% од вкупните приходи и приливи.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во анализираниот период изнесуваат 10,8 милијарди денари и претставуваат 15,9% од планот на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во јануари и февруари 2018 година изнесуваа 30.689 милиони денари, односно 4,6% од БДП, што е повеќе за 3,8% во однос на истиот период од 2017 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 29.656 милиони денари учествуваа со 96,6% и се зголемени за 11,1% во однос на истиот период од 2017 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 4.335 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,1% и во однос на 2017 година се пониски за 1,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 1.931 милион денари и споредено со истиот период од 2017 година забележаа намалување од 8,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 22.361 милион денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 17,3% споредено со истиот период од 2017 година и истите учествуваа со 72,9% во вкупните расходи.




Средствата за социјални трансфери изнесуваа 15.649 милиони денари, забележаа раст од 3,3% и учествуваа со 51,0% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 9.821 милион денари, што е зголемување за 3,5% споредено со истиот период од 2017 година и учествуваат со 32,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 21,0%, односно забележаа поголема реализација за 74,9%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 2.629 милиони денари забележаа зголемување од 4,3%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 328,2% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 1.029 милиони денари, што е помалку за 8,2% во споредба со истиот период од 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 15,3%, додека каматите од странско задолжување беа намалени за 24,8%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 1.033 милиони денари со структурно учество од 3,4% во вкупните расходи, односно забележаа пониска реализација за 64,0% во однос на истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари - февруари 2018 година преку разделот Министерство за финансии - функции на државата[1] реализирани се 13,0 милијарди денари, што

[1] Во рамките на разделот *функции на државата* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции;

претставува 33,2% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 84,4% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во овие два месеца се потрошени 11,0 милијарди денари, односно 48,9% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 7,6% од вкупните расходи, за што е реализиран износ од 1,0 милијарда денари, односно 11,4% од вкупно планираните.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за периодот I-II 2018 година (во %); Извор : МФ




Министерството за труд и социјална политика во првите два месеца од 2018 година реализираше 6,8 милијарди денари или 15,6% од вкупниот буџет на овој корисник за 2018 година. Притоа, најголем дел (74,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 5,1 милијарда денари или 16,1% од средствата предвидени за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 17,0% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 14,4% (1,2 милијарди денари) од планираните за 2018 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 3,3 милијарди денари, што е 13,3% од вкупниот буџет на овој корисник за 2018 година. Најголем дел од расходите (68,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 2,3 милијарди денари, односно 16,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 16,5%, за што се потрошени 550,6 милиони денари, односно 15,7% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 9,5% во вкупните расходи) се реализирани 318,0 милиони денари, што претставува 7,7% од вкупно предвидените средства за оваа година.

Во првите два месеца од 2018 година Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 2,3 милијарди денари, што претставува 26,2% од планираните средства за тековната година. Речиси целиот износ (99,1%) е наменет за субвенции и трансфери, чија реализација во овој период изнесува 34,1%.

Во периодот јануари - февруари 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 1,5 милијарди денари, што претставува 14,9% од предвидениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка

плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

претставуваат плати и надоместоци со учество од 77,9%, за што се потрошени 1,2 милијарди денари или 16,4% од годишниот план за оваа ставка. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 14,4%, за што се реализирани 220,7 милиони денари или 12,5% од годишниот план.

Министерство за одбрана во овој период реализираше буџетски средства во износ од 878,2 милиона денари, што претставува 13,5% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 68,4%, за што во овој период се реализирани 600,8 милиони денари, што претставува 15,9% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 25,6% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 225,2 милиона денари, односно 12,9% од вкупно предвидените средства.

Министерство за здравство во анализираниот период реализираше буџетски средства во износ од 825,5 милиони денари, што претставува 12,4% од вкупниот буџет за 2018 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат највисоко учество (60,8%) во вкупните расходи, а изнесуваат 502,0 милиона денари, или 18,0% од годишниот план. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 28,2%, а реализирани се 233,2 милиона денари, односно 11,9% од вкупно планираните.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во месеците јануари и февруари 2018 година реализирани се средства во износ од 536,8 милиони денари, што е 14,3% од вкупниот буџет за 2018 година. Реализираните средства за капитални расходи изнесуваат 175,5 милиони денари, што претставува 18,0% од вкупно предвидените средства за 2018 година, а за оваа ставка се издвоени 32,7% од вкупните средства на овој буџетски корисник. Втора најзначајна ставка се плати и надоместоци, за што се реализирани 169,3 милиони денари, односно 31,5% од вкупните расходи, а 16,1% од вкупно планираните.

Министерство за транспорт и врски во периодот јануари - февруари 2018 година реализираше средства во износ од 292,9 милиони денари, што претставува 4,8% од вкупниот буџет за тековната година. Средствата за капитални расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 66,9%, а нивната реализација во овој период изнесува 3,7% односно за оваа намена се извршени 195,9 милиони денари. За субвенции и трансфери во овој период реализирани се 73,2 милиона денари (12,2% од планираните), што претставува 25,0% од вкупните расходи на овој буџетски корисник. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - февруари 2018 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 3.301 милион денари, што претставува 0,50% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 3.548 милиони денари и претставува 0,53% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – февруари 2018 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 33.618 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 15,9% во однос на истиот период од 2017 година.

Од вкупниот број нововработени, 38,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во февруари 2018 година 25,2% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Вкупниот број невработени лица во февруари 2018 година изнесува 192.487, од кои 102.834 се активни баратели на работа, а 89.653 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,7%.

Најголем дел од невработените лица (66,8%) се градско население, а според половата структура 58,7% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,5% од невработените се со непотполно средно

Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ



образование или помалку, 28,1% се со завршено средно образование, додека 14,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2018 година оствари годишен раст од 5,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,7%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (37,3%), Рударство и вадење камен (20,3%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (12,5%). Реалните плати во јануари забележаа годишен раст од 4,5%.

Графикон 4.3. Просечна нето плата (годишни промени, %);
Извор: ДЗС




Просечната номинална бруто-плата во јануари 2018 година оствари годишен раст од 5,3%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (30,1%), Рударство и вадење камен (19,5%) и Преработувачка индустрија (12,3%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,2%.

Графикон 4.4. Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)




## Пензии

Во февруари 2018 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 310.332 пензионера, што претставува зголемување од 3,2% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 463 лица. Од

вкупниот број пензионери, 63,6% се корисници на старосна пензија, 24,6% се корисници на семејна пензија и 11,8% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во февруари 2018 година изнесува 13.895 денари и е за 0,8% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,8%.

Графикон 4.5. Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ




Просечната старосна пензија во февруари изнесува 15.190 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.604 денари, а просечната семејна пензија 11.167 денари. За исплата на пензиите во февруари 2018 година се потрошени 4.238,81 милион денари, што претставува 55,3% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во февруари 2018 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, како резултат на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во февруари 2018 година; Извор: НБРМ




## Примарни пари

Во февруари 2018 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 1,7% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 1,7% и 1,6%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 2,0%, како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 4,2%, додека готовите пари во оптек се намалија за 0,1%.

## Депозитен потенцијал

Во февруари 2018 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 1,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 1,7%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 1,2%.

Од аспект на валутата, во февруари 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 1,6% и 1,0%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2018 година оствари раст од 7,0% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 7,7% и 6,1%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 6,0%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 6,4%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,8%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 9,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2018 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **341043** | **1,4%** | **7,0%** |
| Денари | *201.272* | 1,6% | 7,7% |
| Странска валута | *139.771* | 1,0% | 6,1% |
| Краткорочни | *153.966* | 0,7% | 0,8% |
| Долгорочни | *95.278* | 0,4% | 9,7% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **295.435** | **0,2%** | **6,8%** |
| Денари | *247.688* | 0,2% | 8,6% |
| Странска валута | *47.746* | 0,1% | -1,6% |
| Краткорочни | *62.672* | -1,5% | 3,0% |
| Долгорочни | *213.703* | 0,8% | 8,2% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *17.616* | -1,2% | 4,9% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Вкупните кредити на банките кон приватниот сектор во февруари 2018 година се зголемија за 0,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во февруари кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во февруари 2018 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа раст од 0,2% и 0,1%, соодветно.




На годишна основа, во февруари 2018 година вкупните кредити се зголемија за 6,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,9% и раст на кредитите кон претпријатијата 3,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,6%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 1,6%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,2%, а краткорочните кредити се зголемија за 3,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во февруари 2018 година,се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,70%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 5,94%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,03 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,61%.




Вкупната каматна стапка на депозитите во февруари 2018 година изнесува 1,50% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се намалија за по 0,01 п.п. во споредба со минатиот месец и изнесуваат 2,14% 0,78%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во февруари 2018 година регистрираше пад од 36,7% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 28,3% и 68,1%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во февруари 2018 година изнесуваше 358 милиони денари и истиот е намален за 11,0% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на февруари 2018 година изнесуваше 2.770,24 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,9%, а во однос на истиот месец претходната година е повисок за 20,6%.

Графикон 5.4. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2018 година изнесуваа 2.566,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 11 милиони евра, додека во однос на февруари 2017 година се зголемени за 3,3 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693